До
Народната банка на Република Северна Македонија
бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1
Скопје

ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

(Според член 11 од Законот за заштита на личните податоци, „Службен весник на РСМ“ бр. 42/20 и 294/21)

Јас, ________________________________________долупотпишаниот/ата, со слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена волја, ја давам својата согласност:

☐моите лични податоци да бидат обработени за целите на евалуација на пријавените кандидати и за селекција на кандидати кои одговараат на огласеното работно место __________________________________ од огласот за вработување бр. ____________ од____________ година.

☐ моите податоци за професионална кариера и работно искуство, стекнатите вештини и знаења, интегритет и етички вредности да бидат проверени и потврдени кај моите тековни и поранешни работодавачи, од страна на овластени лица во Народната банка.

Потврдувам дека сум свесен / свесна за можноста да одбијам да дадам согласност или да ја повлечам согласноста во кое било време. Исто така, свесен / свесна сум дека обработката е законска до моментот на повлекување на мојата согласност.

Согласноста се однесува само на наведените цели за обработка и наведените категории лични податоци. Личните податоци не смее да се обработуваат за кои било други цели.

Место / датум:

Потпис:

**Информации во врска со обработката на личните податоци**

**1. Цел и законска основа за собирање и обработка на личните податоци.**
Целта на обработката на личните податоци е избор на кандидат за вработување во Народната банка. Личните податоци се обработуваат согласно со Законот за работните односи и Законот за заштита на личните податоци.
**2. Кои лични податоци ги собираме?**
Личните податоци служат исклучиво за обработка на пријавата за вработување во Народната банка. Народната банка може да обработува лични податоци: за идентификација, за контакт, државјанство, професионална кариера и работно искуство, работен стаж, стекнато образование, вештини и стручни знаења, познавање странски јазик и работа со компјутери, за неизречена забрана за вршење професија, дејност или должност.
**3. Кој има пристап до Вашите лични податоци?**
Овластени работници во Народната банка ја вршат обработката на личните податоци.
**4. Време на чување на собраните лични податоци.**
Личните податоци се обработуваат во согласност со Законот за работните односи и Законот за заштита на личните податоци. Податоците коишто ги собираме се чуваат во согласност со закон, односно две години по завршувањето на огласот.
**5. Кои се Вашите права?**
Доколку ѝ имате дадено согласност на Народната банка за обработка на Вашите лични податоци, имате право за повлекување на согласноста во секое време, без тоа да влијае врз законитоста на обработката којашто била заснована на согласноста пред да биде повлечена. Подетално за вашите права може да се информирате преку Политиката за приватност објавена на веб-страницата на Народната банка.
**6. Кој е контролор на податоците и како да ги остварите Вашите права?**
**Контролор** на личните податоци е
Народната банка на Република Северна Македонија
бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1, 1000, Скопје

За дополнителни информации и/или остварување на Вашите права за заштита на личните податоци, можете да контактирате со нашите **офицери за заштита на личните податоци**:

Лихнида Сајкова-Џуклеска, телефон за контакт: 02 3108 233 или
Аднан Ајдини, телефон за контакт: 02 3108 110;
електронска пошта: ozlp@nbrm.mk, или
писмено на поштенската адреса:
Народна банка на Република Северна Македонија
бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1
1000 Скопје

Доколку сметате дека начинот на кој Народната банка ги обработува Вашите лични податоци ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до **Агенцијата за заштита на личните податоци** како надзорно тело.